# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XII БРОЈ 58 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 МАРТ/ЈУНИ 2023 ГОДИНА


Во овој број


Страница 2

МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СПОРЕД ТРАДИЦИИТЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА ВОСКРЕСЕНИЕТО ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН

ДВАНАЕСЕТТА ГОДИШНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН”

Страница 3

DYMBËDHJET VJET NGA BOTIMI I NUMRIT TË PARË TË GAZETËS MAQEDONASE “ILINDEN”

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДОДЕЛИ НАГРАДА “ИЛИНДЕН” И БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН” ПО ПОВОД ЧЕТРИНАЕСЕТГОДИШНИНАТА

Страница 4

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ИМ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦИ” ИЛИНДЕН” НА ПОПИ И МАЗНИКУ

КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА ПОЗИТИВНО ОДГОВОРИ НА БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДА ПОСТАВИ ПОВЕЌЕЈАЗИЧНА ТАБЛА

Страница 5

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ОДЛУЧИ ДА НЕ ПРИФАТИ ПРОЕКТ ОД ИНТЕРЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА УПАТУВА ОСТРА ОСУДА НА БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОБЛАСТА ГОРА

Страница 6

ПОЗДРАВ ОД МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА, КОСОВО И МАКЕДОНИЈА ДО БУГАРСКИТЕ ФАЛСИФИКАТОРИ

Страница 7

ЕДУКАТИВЕН ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ ВО АЛБАНИЈА И НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ДВАЈЦА МАКЕДОНЦИ КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

МАКЕДОНЦИТЕ ОД ГОЛО БРДО И МАЛА ПРЕСПА ЌЕ ГО БОДРАТ ФК ВАРДАР

Страница 8

НИКОЛА ЃУРЃАЈ ИНТЕРВЈУ ЗА LOKALNO.MK : СОФИЈА ВРШИ ТИВКА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СО ГОЛЕМА СУМА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ИЛИ ВЕТУВАЊА ЗА ЕКСПРЕСНО ДАВАЊЕ БУГАРСКИ ПАСОШИ

Страница 9

МАКЕДОНЦИТЕ СО ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД СЕ ЗНАЧАЕН ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА

Страница 11

АФП: ПРАИСТОРИСКОТО ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО ВО ЕВРОПА СЕ НАМАЛУВА СО АЛАРМАНТНА БРЗИНА


## СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 120 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Гоце Делчев е роден на 4 февруари 1872 во Кукуш, Егејска Македонија идеолог, организатор и водач на македонското революционерно национално ослободително движење во крајот на XIX и почетокот на XX век. Бил рожба на својата епоха, кој го изразувал стремежот на македонскиот народ за ослободување од отоманското ропство. Загина во предвечерието на Илинденското востание на 4 мај 1903 година во селото Баница, Серско, Егејска Македонија во борби со османлиската војска која го опколила селото. Посмртните останки на Гоце Делчев на 11 октомври 1946 година се пренесени во Скопје, Македонија во црквата “Свети Спас“ каде и денес се наоѓаат.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СПОРЕД ТРАДИЦИИТЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА ВОСКРЕСЕНИЕТО ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН



Најголемиот христијански празник Воскресението Христово – Велигден беше одбележан насекаде низ Република Албанија каде живеат православни Македонци, како во Мала Преспа, Голо Брдо, Врбник и во поголемите градови Тирана, Корча, Подградец, Елбасан, Драч и други градови. На Велигден, Македонци во Албанија славеа со своите најблиски, во домашна атмосфера и со богата трпеза, додека прославата на празникот започна на Велики четврток уште пред изгрејсонце кога домаќинките ги бојадисуваат првите црвени велигденски јајца. Како и секоја година и ова година за Велигден, Македонците од Албанија кој се во емиграција, се вратија во своите родни места и заедно со своите најблиски го прославија Воскресението Христово – Велигден.

## ДВАНАЕСЕТТА ГОДИШНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН”




Пред точно дванаесет години, на 1. март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник “Илинден“ како гласило на македонското друштво “Илинден“-Тирана. Изминативе дванаесет години, весникот предизвика голем интерес кај македонската читателска публика во Република Албанија, во татковината Македонија како и меѓу македонската дијаспора во светот. Според бројните дописи кои пристигнуваат на електронската адреса на редакцијата од “Илинден“ како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во дванаесетгодишниот период весникот прерасна во сериозен медиум од чии вести и теми се напојуваат сè поголем и поголем број на корисници од македонското национално малцинство во Република Албанија. Македонскиот весник “Илинден” досега има испечатено 57 изданија, а почнувајќи од март 2017 година, покрај печатената верзија весникот може да се следи и преку своето интернет-издание: www.vesnik-ilinden.com На тој начин нашиот весник стана достапен за целокупната јавност за сите Македонци во Република Албанија, регионот и цел свет. Истата година, од септември 2017 македонскиот весник “Илинден“е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и дел од двата најголеми читачи на вести и клиентска датотека во Македонија: www.grid.mk и www.daily.mk  Од август 2022 година Македонски весник “Илинден” е член на платформата Алијанса за етички медиуми (AEM) каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија Мисијата на нашиот весник и понатаму останува да го поттикнува и одржува во континуитет македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија. И понатаму остануваме со вербата дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Република Албанија и на Република Македонија, како и од Македонците ширум светот. Редакцијата на “Илинден” ја користи оваа прилика да им се заблагодари на сите свои соработници, кои несебично помогнаа во конципирање на тематската и визуелната содржина на весникот. Од тогаш до денес, весникот “Илинден“ дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија, и континуирано работи на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија. Воедно, Редакцијата се заблагодарува и на верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги понуди весникот покажа дека тој навистина ја допре сржта на проблемите на Македонците во Република Албанија и го приближи македонскиот литературен јазик за нивна комуникација, изразување и творење. Да нѝ се множат јубилеите и понатаму.

Со почит,
Никола Ѓурѓај
Главен и одговорен уредник на македонскиот весник “Илинден“

## DYMBËDHJET VJET NGA BOTIMI I NUMRIT TË PARË TË GAZETËS MAQEDONASE "ILINDEN"




Dymbëdhjet vjet më parë, më 1 mars 2011 doli numri i parë i gazetës maqedonase "Ilinden" u botua si një numër i dyfishtë (mars / prill). Gazeta maqedonase "Ilinden" është gazetë e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë. Për dymbëdhjet vjet gazeta ka ngjallur interes të madh tek lexuesit maqedonas në Republikën e Shqipërisë, në atdheun Maqedoni, njëkohsisht dhe në diasporën maqedonase në botë. Sipas letrave të shumta që arrijnë në adresën e postës elektronike të redaksisë si dhe komunikimit përmes profileve të gazetës në rrjetet sociale me lexuesit, vërejmë se në periudhën dymbëdhjet vjeçare gazeta është rritur në një gazetë serioze, lajmet dhe temat e të cilit gjithnjë e më shumë vinë tek pakica kombëtare maqedonase në Republikën e Shqipërisë. Gazeta maqedonase "Ilinden" deri më tani ka shtypur 57 numra dhe duke filluar nga marsi 2017, përveç versionit të shtypur, gazeta mund të ndiqet dhe përmes faqes së internet, www.vesnik-ilinden.com Në atë mënyrë, gazeta jonë u bë e disponueshme për publikun e gjerë, për të gjithë maqedonasit në Republikën e Shqipërisl, rajon dhe të gjithë botën. Nga shtatori 2017 gazeta maqedonase "Ilinden" u standardizua sipas normave ndërkombëtare për revistat e shtypura dhe elektronike me numër ISSN 2522-6282 (në internet) dhe ISSN 2522-4514 (shtypur). Gazeta maqedonase "Ilinden" është dhe pjesë e dy platformave më të mëdha për lajme në Maqedoni www.grid.mk dhe www.daily.mk Dhe nga gushti 2022 gazeta maqedonase "Ilinden" është anëtare e platformës së Aleancës për Media Etike (AEM), ku janë anëtare 29 media të shkruara dhe audiovizive në Republikën e Shqipërisë. Misioni i gazetës sonë mbetet të inkurajojë dhe promvojë gjuhën maqedonase dhe identitetin maqedonas në Republikën e Shqipërisë. Ne mbetemi të sigurt se veprimtaritë tona do të mbështeten në mënyrë adekuate nga institucionet shtetërore të Republikës së Shqipërisë dhe Republikës së Maqedonisë, si dhe nga maqedonasit në të gjithë botën. Redaksia e gazetës maqedonase "Ilinden" shprehë mirënjohje për të gjithë bashkëpunëtorët e saj, të cilët ndihmuan në konceptimin e përmbajtjes tematike dhe vizive të gazetës. Gazeta maqedonase "Ilinden" jep një kontribut të madh për ngritjen e çështjeve me interes për maqedonasit në Republikën e Shqipërisë, dhe vazhdimisht punon për mbrojtjen dhe afirmimin e identitetit etnik, gjuhësor, kulturor dhe traditave kombëtare të Maqedonasve në Republikë e Shqipërisë. Në të njëjtën kohë, redaksia shprehë mirënjohje për lexuesit besnikë për interesin e treguar për përmbajtjen e ofruar nga gazeta.

Me respekt
Nikolla Gjurgjaj
Kryredaktor i gazetës maqedonase "Ilinden"

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОДЕЛИ НАГРАДА "ИЛИНДЕН" И БЛАГОДАРНИЦА "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ЧЕТРИНАЕСЕТГОДИШНИНАТА

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги додели годинешните награда "Илинден" и благодарница "Илинден" По повод четринаесетгодишнината од основањето и плодната работа на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, неговите Управни органи и претседателот г-дин Никола Ѓурѓај, донесоа Одлука за доделување на Благодарници "Илинден" и Награда "Илинден". Благодарниците и наградата се доделуваат на лица за нивните особени заслуги за ангажман и перманентните активности во насока на зачувување и одржување на македонскиот идентитет на припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија. Така и оваа година беа предложени повеќе лица за добивање на благодарница "Илинден" и награда "Илинден". Од предложените беа избрани лица, кои со својот ангажман придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Албанија. Благодарницата и наградата "Илинден" ги доделува и врачува лично претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана.

**Оваа година Награда "Илинден" му се доделува на:**
1. **Неговото Блаженство г.г. Стефан** – Поглавар на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија

**Оваа година Благодарница "Илинден" се доделува на:**
1. **Г-дин Адам Аргинов** – Подржувач на Македонско друштво "Илинден"-Тирана – Сиднеј, Австралија.
2. **Г-дин Кристо Мазнику** – Понарешен претседател на Комитетот на Македонска алијанса за европска интеграција за Тирана и понарешен претседател на Политичко друштво "Мир"-Огранок Тирана и активист на Македонско национално малцинство во Република Албанија со потекло од областа Голо Брдо.



3. **Г-дин Јован Попи** – Активист на Македонско национално малцство во Република Албанија со потекло од Ербеле, областа Поле, Маќелара.
4. **Г-дин Ивзи Абази** – Активист на Македонско национално малцство во Мало Острени (Малестрени) областа Голо Брдо.

Претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана г-дин Никола Ѓурѓај им ги честитаат наградата и благодарниците на добитниците за 2023 година со надеж дека истите ќе послужат како поттик за натамошен ангажнман на наградените во нивната досегашна определба да работат во интерес на вистината за животот и ангажманите на Македонците во Република Албанија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ИМ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦИ” ИЛИНДЕН” НА ПОПИ И МАЗНИКУ



Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај денеска благодарници “Илинден” им врачи на двајца големи активисти на македонското малцинство во Албанија. Чест ми беше во името на македонското друштво “Илинден”-Тирана лично да им предадам Благодарница “Илинден” на двајца големи активисти, Јован Попи, по потекло од село Ербеле, областа Поле, Маќелара и на Кристо Мазнику, поранешен претседател на Комитетот на Македонска алијанса за европска интеграција за Тирана и екс претседател на политичко друштво “Мир”- огранок Тирана, по потекло од областа Голо Брдо, рече за Македонски весник “Илинден”, Ѓурѓај. Додава дека размениле мислења по повеќе прашања што се во интерес на Македонците во оваа земја и напорите за подобрување на нивните права. Со одлука на раководството на друштвото, по повод 14 – годишнината од формирањето на друштвото, благодарници им беа доделени и на Адам Аргинов, Сиднеј Австралија, подржувач на друштвото, како и на Ивзи Абази, македонски активист во Мало Острени област Голо Брдо. Почесната награда “Илинден“ годинава беше одлучено да му се додели за Неговото блаженство г.г. Стефан – поглавар на МПЦ-ОА. Признанијата се доделуваат на поединци и институции кои со својот ангажман најмногу придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Албанија. Македонското друштво “Илинден“-Тирана е формирано на 6 февруари 2009 година и регистрирано во Основниот суд во Тирана, со цел заштита и афирмација на етничкиот, јазичен, културен, верски, историски идентитет на Македонците во Албанија.

## КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА ПОЗИТИВНО ОДГОВОРИ НА БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДА ПОСТАВИ ПОВЕЌЕЈАЗИЧНА ТАБЛА



Комитетот за национални малцинства на Албанија, позитивно одговори на барањето на македонското друштво “Илинден“-Тирана за поставување повеќејазична табла пред оваа институција, вклучително и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, потврди за Македонски весник “Илинден”, претседателот на друштвото Никола Ѓурѓај.

Добивме позитивен одговор на нашето барање доставено до претседателката на Комитетот за национални малцинства, Константина Бежани, која во исто време за тоа ги информира и комесарот за заштита од дискриминација, Роберт Гајда и народната правобранителка Еринда Баланца, до кои исто така го доставивме барањето заради запознавање. Да потсетам дека баравме таблата пред институцијата да биде повеќејазична, односно освен на албански и англиски името на институцијата да биде и на македонски и на јазиците на другите национални малцинства, додава Ѓурѓај. Тој се заблагодарува на дадениот одговор од Комитетот и подготвеноста да постапи по теркот на комесарот за заштита од дискриминација и народниот правобранител, кои повеќејазични табли веќе има поставено пред институциите, исто така по барање на друштвото. Нашето друштво е регистрирано во судот во Тирана на 6 февруари 2009 година и неговата мисија е заштита на етничкиот, културниот и верскиот идентитет на македонското национално малцинство во Република Албанијаи и во рамки на таа мисија е и последното барање и да оценам успех, посочува Ѓурѓај.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛАЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА МАКЕДОНИЈА



Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај денеска во Агенцијата за Промоција и Поддршка на Туризмот на Македонија оствари средба со д-р Љупчо Јаневски, директор на Агенцијата за Промоција и Поддршка на Туризмот на Македонија. На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, ја информираше д-р Љупчо Јаневски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија. Низ дискусијата, директор на Агенцијата за Промоција и Поддршка на Туризмот на Македонија д-р Љупчо Јаневски, покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија. На средбата, многу отворено, се разговараше за можни активности кои би помогнала за надминување на проблемите на Македонците во Република Албанија на повеќе полиња.

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ОДЛУЧИ ДА НЕ ПРИФАТИ ПРОЕКТ ОД ИНТЕРЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА



Македонско друштво “Илинден“-Тирана изразува незадоволство од Одлуката на Министерството за култура на Република Албанија според која не е прифатен единствениот проект предложен од Македонско друштво “Илинден“-Тирана. Имено, повикот за финансирање на проекти беше објавен од Министертвото за култура на Република Албанија на 25 јануари 2023 и траеше до 25 февруари 2023 година. На повикот се јави Македонското друштво “Илинден”-Тирана со свој предлог-проект кој целосно ги застапува интересите на македонското малцинство во Албанија.
Македонците, во овој случај, реагираат за несовесен и крајно дискриминаторски однос на Министерството за култура кон македонско национално малцинство во Република Албанија. Македонците се лојални граѓани и ги плаќаат сите даноци кон албанската држава, но пари за културни активности на лојалните граѓани со македонско етничко потекло од Република Албанија, нема. Македонското друштво “Илинден”-Тирана реагира и поради фактот што смета дека и претставниците на малцинствата во Албанија треба да добијат финансиска поддршка од државната каса за реализирање на проекти од интерес, во случајов, на македонско национално малцинство во Република Албанија. Острата реакција на Македонците во однос на дискриминирачката Одлука на Министерството за култура на Албанија е предизвикана од потребата од финансиска поддршка за проектите кои се однесуваат на негување на традициите на Македонците во Република Албанија. Во овој случај, државата преку Министерството за култура покажува дека само декларативно се залага за почитување на правата на малцинствата кои живеат на нејзина територија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА УПАТУВА ОСТРА ОСУДА НА БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОБЛАСТА ГОРА



Македонско друштво “Илинден”-Тирана го изразува своето жалење затоа што официјална Софија ја продолжува својата антимакедонска пропаганда меѓу Македонците во областа Гора, Република Албанија и во Република Косово, обидувајќи се да ги претстави како “Бугари“. Македонско друштво “Илинден”-Тирана, многупати досега се заслага за вистината, според која Македонците во областа Гора се неотуѓив и нераскинлив дел од Македонскиот народ! Нивната самосвест е македонска, а обидите на бугарската политика да го обезличи и побугарчи ова македонско население се остваруваат со уцени и подведувања за подобрување на нивниот социјален статус и економска положба со делење на бугарски пасоши, со стипендии за студирање на младите Македонци. Цената на тие бугарски „услуги“

се сведуваат на потпишување изјава дека Македонците се Бугари и дека и нивните предци биле Бугари. Македонците во Република Албанија никогаш не биле, ниту своеволно би биле "Бугари"! Македонско друштво "Илинден"-Тирана апелира Владата на Република Косово да превземат сериозни мерки во грижата за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во Република Косово и да не дозволи признавање на непостоечко бугарското малцинство во Република Косово. Македонско друштво "Илинден"-Тирана го потсетува бугарското раководство дека македонската нација е исторски факт и дека нам не ни треба одобрение од други држави за да се изјасниме дека сме тоа што сме.

## ПОЗДРАВ ОД МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА, КОСОВО И МАКЕДОНИЈА ДО БУГАРСКИТЕ ФАЛСИФИКАТОРИ



Македонското друштво "Илинден"-Тирана ја следи состојбата со бугарската политика во Република Албанија и пошироко. Нашиот заклучок дека долги години во Република Албанија, Република Македонија и Република Косово од страна на Република Бугарија се врши невиден атак за асимилација на Македонците и нивното бугаризирање, сè уште е актуелен. Ваквата политика на бугарските власти го темелат на бројот на поднесени барања за бугарски пасош, а не на реалната состојба на теренот.

Секако, никој, па ниту ние, не го спориме фактот дека Македонци по етничка самоопределба поднесуваат барања за бугарски пасош, но исто така, неспорен е фактот дека тоа се прави од две причини. При тоа, првата причина, економската, е поткрепена со втората, а тоа е алчноста на бугарските институции за големите приходи од поднесителите на барањата. Или, добивањето на бугарски пасош стана одличен бизнис, како за бугарската држава така и за одредени хохштаплери и ништо друго.

Во овој процес за добивање на бугарски пасош, барателите потпишуваат задолжителен документ за своите „бугарски" корени. Но, она што бугарските власти го заборават е дека тие се грубо изиграни бидејќи нивните пасоши се користат како пасоши со кои може лесно да се замине во европските земји. Исто така, заборавија дека нечие државјанство не значи и национално чувство. За тоа, најдобар пример се Македонците во Бугарија, кои се државјани во бугарската држава, но кои и денес не се признати како лица со македонска национална определба. Во изминативе години во бугарската држава се случуваат политички бранувања, па и покрај неколку циклуси на избори во Бугарија не може да се формира стабилна Влада. Во секој од изборните циклуси, бугарските политичари ја засилуваат отровната реторика кон Македонија, а асимилацијата и бугаризацијата на Македонците се користат како добитна карта.

Сепак, вистината е друга, а неа ја гледаме од бројките на „илјадниците" Бугари во Албанија, Македонија, и Косово. Според официјалната страна на Централната изборна комисија во Бугарија во Македонија вкупниот број на гласачи е цели 169 лица од кои 14 официјални лица во Амбасада, на Косово цели 4 лица во Амбасадата, а во Албанија има пријавени 176 лица од кои 6 во бугарската Амбасада.
https://www.cik.bg/bg/ns02.04.2023/registered

Од списоците кои се достапни за секој град во Република Албанија се гледа дека има етнички Албанци пријавени за гласање на најновите бугарски избори. Јасно е дека освен оние изроди од македонскиот род во околината на Корча, кои со децении се финанстираат од бугарските власти и кои се обидуваат да ги убедат Македонците дека се Бугари, сепак Македонците сред областите Голо Брдо и Гора нема ниту еден пријавен за гласање, а истото го забележуваме и во главниот град Тирана.

Со овие податоци, дури и на бугарските власти им станува јасно колку е погувна нивната полтика и колку залудно ги финансираат изродите од македонскиот род кои со децении се нивни амали.

**Република Албанија (176)**
Тирана (Амбасада) (6)
Драч (43)
Елбасан (36)
Корча (46)
Кукс (45)

**Република Македонија (169)**
Битола (Генерален консулат) (9)
Кавадарци (42)
Прилеп (41)
Скопје (Амбасада) (15)
Струмица (22)
Тетово (40)

**Република Косово (4)**
Приштина (Амбасада) (4)

## ЕДУКАТИВЕН ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ ВО АЛБАНИЈА И НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК




Албанската централна изборна комисија, ЦИК, како што најави, почна со печатење на едукативен изборен материјал и на македонски јазик. Денеска објави плакат со предупредување, поврзан, како што наведува, со тоа што значи изборен криминал. Под наслов изборен криминал- внимание се наведуваат пет дејствија кои претставуваат кривично дело за кои се предвидени затворски казни од три месеци до 8 години. Активната или пасивната корупција на изборите како што се нудење и примање пари, материјални добра или други услуги во замена на глас, секоја усилба или фотографирање на гласот и покажување на други, гласањето повеќе од еднаш, или гласањето за други лица со поднесување лажни документи за идентификација или користење на документи на други избирачи, намерното дозволување на гласање од страна на избирачките одбори, без да се изврши идентификација на граѓанинот според законот, како и секое дејствие што ги нарушува изборите, како гласањето со закана, фалсификување или оштетување на изборниот материјал, се дејствија кои ги наведува ЦИК а се сметаат за кривично дело. Исто така се упатува и порака до граѓаните. Доколку забележите прекршување на законот веднаш пријавете во органите за спроведување на законот. Гласај за да бидеш слушнат, порачува ЦИК. Локалните избори, на кои се избираат градоначалници и членови на советите, во 61 општина во Албанија, ќе се одржат на 14 мај годинава.

## ДВАЈЦА МАКЕДОНЦИ КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

Двајца Македонци се кандидати за градоначалник на Општина Пустец, областа Мала Преспа на локалните избори во Албанија, кои ќе се одржат на 14 мај, каде мнозинство е македонското население. Актуелниот градоначалник Пали Колефски како заеднички кандидат на владејачката Социјалистичка партија и Македонска алијанса за европска интеграција, вели дека очекува голема поддршка од граѓаните и победа за да се реализираат сите започнати проекти. Негов противкандидат е Панди Јани кој доби поддршка од Партијата на слободата на поранешниот албански претседател Илир Мета. На стартот на кампањата Јани вети нов лик, чиста и модерна општина Пустец која ќе прерсне во вистински туристички центар.




## МАКЕДОНЦИТЕ ОД ГОЛО БРДО И МАЛА ПРЕСПА ЌЕ ГО БОДРАТ ФК ВАРДАР







Навивачи на Вардар од Скопје на фудбалскиот клуб Вардар изготви две знамиња со имињата на Голо Брдо и Мала Преспа во боите на Вардар. Во соработка со Македонско “друштво Илинден”-Тирана и единствената партија на Македонците во Република Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција, знамињата се предадени на генералниот координатор на Македонско “друштво Илинден”-Тирана за Македонија, Ламбе Шатровски и членот на Извршниот комитет на МАЕИ, Јани Колефски и ќе ги носат со себе на сите натпревари каде што ќе играат фудбалскиот и ракометниот клуб Вардар. Членови на Навивачи на Вардар од Скопје, знамињата им ги предадоа и заедно се дружеа и навиваа за фудбалскиот клуб Вардар.

## НИКОЛА ЃУРЃАЈ ИНТЕРВЈУ ЗА LOKALNO.MK : СОФИЈА ВРШИ ТИВКА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СО ГОЛЕМА СУМА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ИЛИ ВЕТУВАЊА ЗА ЕКСПРЕСНО ДАВАЊЕ БУГАРСКИ ПАСОШИ



Македонското друштво „Илинден"-Тирана секоја година поднесува проект. Кога Министерството за Култура на Албанија објавува повик ние редовно поднесуваме пријава, а проектите се во сферата на културата како што две фоклорни фестивали беа подржани и ние сме благодарни на таа подршка и бараме да биде во контунитет бидеќи така можиме да зачуваме културата, обичајте и да ги пренесиме на новите генерации Македонци овде, вели во разговор за „Локално", претседателот на друштвото Никола Ѓурѓај, откако вчера беше соопштено дека албанското министерство не го прифатило нивниот единствен проект. Според него, рекцијата од македонското друштво „Илинден"-Тирана беше за повикот бидејќи, како што вели, со поддршка на тамошното министерство, можат да ја чуваат нашата традиција, а со одбивање на проектите немаат можност да ги одржат активностите за зачувување на македонската култура во Република Албанија. Порачува дека „Илинден"-Тирана ја поздравува албанската министерка за надворешни работи и европа Ољта Џачка, кој што што јавно призна дека има обиди за „побугарчување" на Македонци во Република Албанија и ја повикува да презема мерки на таквите обиди од Бугарија. Во Албанија нема Бугари, тоа е историски факт од кој нема бегање, а тоа е и нашиот став. Јасен и видлив е напорот на Софија да создаде вештачко бугарско малцинство, преку асимилација на Македонците во Преспа, Голо Брдо, Гора и Врбник. Бугарија се обидува на сите можни начини да изврши тивка асимилација на македонското национално малцинство во Република Албанија. Тоа се врши на многу нивоа и преку многу институции. Јадрото на сите антимакедонски дејствувања и замајувањето на меѓународната јавност за Бугари во Албанија е бугарската амбасада во Тирана. Оттаму се инструираат бугарски платеници и македонски изроди, преку кои во континуитет се реализира антимакедонска кампања во Република Албанија. Начините се многубројни и секогаш вклучуваат голема сума материјални средства или ветувања за експресно давање бугарски пасоши. Тие пасоши Македонците ги гледаат како пасош за спас од немаштијата во Република Албанија и ништо повеќе, информира Ѓурѓај.



Сепак според него, очигледно е дека поради последните тензии на Македонија и Бугарија, поради блокадите на Софија за спречување на почетокот на преговорите на Македонија со ЕУ, кампањата се зголемува и добива интензитет.

-Софија постојано работи Македонците во Албанија да ги прикаже како Бугари. Но Софија мора да знае дека Македонците во Република Албанија се само Македонци. Македонското друштво „Илинден"-Тирана го изразува своето жалење затоа што официјална Софија ја продолжува својата антимакедонска пропаганда меѓу Македонците во областа Гора, Република Албанија, и во Република Косово, обидувајќи се да ги претстави како Бугари. Македонското друштво „Илинден"-Тирана многупати досега се залагаше за вистината, според која Македонците во Република Албанија се неотуѓив и нераскинлив дел од македонскиот народ! Го потсетуваме бугарското раководство дека македонската нација е историски факт и дека нам не ни треба одобрение од други држави за да се изјасниме дека сме тоа што сме, дециден е соговорникот.

Тој додава дека се во комуникација со сите државни институции на Албанија и бараат да се вклучат и да прекине „побугарчувањето". Нормално дека татковината Македонија ѝ помага на Македонците во Албанија, но тоа не е доволно и апелираме до сите државни институции, како и невладиниот сектор да помогне. Секоја помош е добродојдена, апелира Ѓурѓај. На прашањето кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат денеска Македонците во Албанија, претседателот на " Илинден"-Тирана вели дека секогаш постојат проблеми, почнувајќи од економски и социјални. Слободно можеме да кажеме дека за Македонците во Албанија најголем проблем е немањето право на образование на македонски

мајчин јазик во областите Голо Брдо и Гора, како и во поголемите градови, како Тирана, Елбасан, Корча, Билиште, Поградец. За жал, само во Мала Преспа македонските деца учат на мајчин јазик, и тоа само во основно и средно образование. Уште еден хендикеп за македонските ученици е тоа што во Тирана не функционира лекторатот по македонски јазик, кој беше еден вид замена за високо образование на младите Македонци во Република Албанија. Воочувајќи го ова како голем проблем за Македонците во Албанија, поднесовме иницијатива за реактивирање на лекторатот по македонски јазик во Тирана. Друг голем проблем за Македонците во Голо Брдо е работното време на граничниот премин Џепиште – Требиште, кој беше отворен во мај 2013 година. Владите на Република Македонија и на Република Албанија, на заедничката седница одржана во Поградец, на 15 декември 2017 година, донесоа одлука граничниот премин Џепиште – Требиште да работи 24 часа. И покрај тоа, оттогаш до денес преминот не работи 24 часа, туку со редуцирано работно време. Во неколку наврати, ние како друштво баравме овој граничен премин да работи постојано заради потребите на граѓаните од двете страни на границата, но досега нема позитивно решение за проблемот, посочува Ѓурѓај. Покрај тоа, додава тој, голем проблем за Македонците во областите Голо Брдо, Гора и Мала Преспа претставува патната инфраструктура, што е главна причина за слабиот економски развој на овие области населени со македонско население.
-Во катастрофална состојба е и здравствената заштита во населените места, бидејќи или нема објекти за таа намена или се во исклучително лоша состојба. Македонците од областа Голо Брдо имаат големи проблеми поради тоа што во 2014 година Владата на Република Албанија ги укина општините Требиште, Острени и Стеблево, за првите две да ги приклучи кон општината Булќиза. Укинати се и општините Шиштевац и Запот во областа Гора, кои сега се приклучени кон општината Кукс. На тој начин, единствена македонска општина во Република Албанија остана општината Пустец во областа Преспа. И покрај сите барања и аргументи на претставниците на македонската заедница во укинатите општини во 2014 година, индивидуални или преку македонското друштво "Илинден"-Тирана и македонското друштво „Илинден"-разгранок Голо Брдо за формирање на општините Голо Брдо и Гора, Владата на Република Албанија се оглуши, ни рече Ѓурѓај.

## МАКЕДОНЦИТЕ СО ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД СЕ ЗНАЧАЕН ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА



Потребни се суштествени реформи и политики што ќе ја издигнат државата на едно повисоко ниво во врска со третманот на Македонците со исламска вероисповед – Исмаил Бојда. Македонците со исламска вероисповед се значаен дел од македонската нација. Овие Македонци живеат во Македонија, но и во многу други држави. Некои Македонци, поради различни причини, им припаѓаат на разни вероисповеди, но тоа не значи дека со промената на вероисповедта си ја промениле и националната припадност. Четириесет години работиме на интеграција на Македонците од муслиманска вероисповед, но има огромен ѕид, бетонски, помеѓу Македонците христијани и Македонците муслимани и треба здраво да се работи за да се премости тој ѕид. А поради погрешните политики на македонската држава, особено со потпишувањето на Преспанскиот договор и договорот со Бугарија, се доведовме во ситуација уште повеќе да се раздроби македонското национално ткиво...
Исмаил Бојда е еден од видните продолжувачи на македонските национални и културни вредности на Македонците со исламска вероисповед во Македонија, Косово, Албанија и во Република Турција. Тој со децении се грижи за зачувувањето на националниот идентитет, обичаи и традиции кај Македонците од муслиманска вероисповед насекаде во светот. Бојда е еден од најпознатите Македонци од Гора, кој живее во Македонија и го негува делото на поетот Саме Лимани Жарноски и на проф. д-р Нијази Лимановски, истакнати дејци меѓу Македонците со исламска вероисповед и на Сојузот на Македонците со исламска религија. Со него разговаравме за повеќе теми што се од суштинска природа за Македонците од муслиманска вероисповед, како и за проблемите со кои се соочуваат во Македонија, но и во соседните држави.

Ве молам за краток коментар за идентитетот на Македонците со исламска вероисповед.

Македонците со исламска вероисповед се значаен дел од македонската нација. Овие Македонци живеат во Македонија, но и во многу други држави. Голем дел од нив живее во областа Гора на Косово, а повеќе десетици илјади, како македонско национално малцинство, живеат во Албанија. Десетици илјади живеат и во Турција и до денес мнозина од нив се свесни за своето македонско етничко потекло.

Оттука јасно се гледа дека Македонците муслимани се нераскинлив дел од македонската нација. Верата и нацијата се различни поими и не смеат да се идентификуваат. Националната припадност се добива од раѓањето, додека човек во текот на својот живот по своја волја може да ја промени вероисповедта. Некои Македонци, поради различни причини, им припаѓаат на разни вероисповеди, но тоа не значи дека со промената на вероисповедта си ја промениле и националната припадност. Четириесет години работиме на интеграција на Македонците од муслиманска вероисповед, но има огромен ѕид, бетонски, помеѓу Македонците христијани и Македонците муслимани. Како илустрација може да се каже дека нивниот однос е како два воза што се движат на паралелни шини и никогаш нема да се сретнат. Доколку свртничарот што е задолжен за возниот ред направи грешка, двата воза може да се судрат. Многумина од Македонците со исламска вероисповед не разбираат што е нација и религија, што е постаро – нацијата или религијата. Државата е делот од нашиот вистински идентитет, но тоа сè уште не е разработено, не е созреано кај Македонците со исламска вероисповед. Ситуацијата дополнително се усложнува со Горaните, кои останаа непризнаени и под влијание на надворешни влијанија.

Зошто се продлабочува поделеноста на македонското национално ткиво поради конфесионалната различност?

Поради погрешните политики на македонската држава, особено со потпишувањето на Преспанскиот договор и договорот со Бугарија, се доведовме во ситуација да се раздроби македонското национално ткиво. Да не се лажеме, Бугарија не ја прифатила вистината за македонскиот народ повеќе од еден век, а ние си дадовме за право да правиме национални отстапки за да одиме во Европската Унија. Како држава, секогаш правиме отстапки по македонските национални прашања, во 1995 година под притисок на Грција го променивме знамето, надевајќи се дека тука ќе биде крајот, ама не било така. Доколку се земе предвид дека не престануваат надворешните притисоци што се насочени против македонските национални особености – јазик, култура, историја, обичаи итн., суштинска е потребата од сплотување на Македонците, без разлика на нивната религија или место на живеење.

Кои се проблемите на Македонците од муслиманска вероисповед во Косово и Албанија?

Денес најголемиот дел од областа Гора се наоѓа во Косово. Населението на оваа област се етнички Македонци муслимани, а најголем доказ за тоа е чистиот македонски јазик што го зборуваат и покрај тоа што никогаш не живееле во македонската држава. Нивните обичаи се типично македонски, како што се адетите за свадбата од горанското село Брод, кои се идентични со адетите на познатата Галичка свадба. Во оваа област се слават и неколку православни празници иако Горaните се муслимани. Така, на пример, најголем празник во оваа област е празникот Ѓурѓовден, а масовно се слават и Божиќ и Благовец. Во денешната косовска област Гора има осумнаесет села. Во овој регион споменатите села биле македонски. Меѓутоа во изминатиов период се забележани обиди за нивно албанизирање. Од друга страна, во 90-тите години од 20 век тогашната српска власт, предводена од Слободан Милошевиќ, во контекст на тогашната политика кон Албанците во Косово, водеше политика на промовирање одделен т.н. горански идентитет, како нешто одделно од Албанците и Македонците, а последиците од оваа политика се чувствуваат и денес. Од денешен аспект треба да се споменат и активностите на бугарската држава преку нејзините дипломатски претставништва, кои се обидуваат да ги претставаат Македонците од муслиманска вероисповед како Бугари, иако станува збор за народ што се одликува со македонски јазик, култура и обичаи.

Што сугерирате дека е неопходно да се преземе во врска со ова?

Денес поради одредени државни политики, македонскиот народ е исплашен и збунет, како во политички, така и во национален поглед. Државните институции не функционираат, не се почитуваат законите и владеењето на правото, дополнително криминалот е видлив на секој чекор и не функционира здравствениот систем. Неажурноста на државата, особено во економски поглед, доведе до иселување на младата македонска популација во туѓина. Ова е особено видливо во регионите каде што живеат Македонците со исламска вероисповед, како што се општината Лабуништа или Маврово и Ростуше, од каде што се иселија и сè уште се иселуваат во Европската Унија. Нивното иселување е од економска причина, затоа се потребни активности што ќе обезбедат нови работни места за младите Македонци со исламска вероисповед. Слабиот економски развој на споменатите општини и негрижата на државата доведуваат до иселување, но и до слабеење на македонскиот национален супстрат, затоа што оние што заминале во Германија или Италија потпаѓаат под влијание на асимилацијата и ги губат своите врски со татковината Македонија... Затоа, потребни се суштествени реформи и политики што ќе ја издигнат државата на едно повисоко ниво во врска со третманот на ова прашање. Повеќе идеи од моја страна се преточени во вид на предлози, со една поширока палета од економски чекори, инвестиции, политички, културни и образовни, до надлежните и сите општествено-политички чинители што би требало да се заинтересираат за овој проблем. Од нив очекуваме одговор што е можно поскоро./www.novamakedonija.com.mk

## АФП: ПРАИСТОРИСКОТО ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО ВО ЕВРОПА СЕ НАМАЛУВА СО АЛАРМАНТНА БРЗИНА



Истражувањето на кое се повикува НАСА покажа дека езерото изгубило седум отсто од својата површина и половина од својот волумен помеѓу 1984 и 2020 година. Илјадници години Преспанското Езеро беше недопрено. Под притисок на климатските промени, неконтролираното пумпање и загадувањето, ова праисториско езеро во југоисточна Европа се намалува со алармантна брзина. Се верува дека езерото на тројната граница на Албанија, Македонија и Грција е дом на илјадници животински и растителни видови кои зависат од водата и околните живеалишта. Високите температури значително го намалија годишното количество снег во областа. Виталните потоци кои се влеваат во езерото пресушија, загрозувајќи ги видовите кои зависат од езерото и блиската вода. Недостигот на врнежи доведе до постојано повлекување на водата, која на места се повлекуваше и до три километри, велат чуварите на паркот.
„Претходно имаше многу повеќе снег кој можеше да достигне метар или метар и половина, додека во последните години речиси и да нема врнежи од снег“, изјави за агенцијата Франс прес (АФП) чуварот Горан Стојановски (38), кој има поминато повеќе од една деценија мониторинг на езерото во Македонија.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ГИ ПОВИКУВА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО, МАЛА ПРЕСПА, ГОРА, ВРБНИК, КАКО И НА ЦЕЛА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕ ВО СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА БЕС СТРАВ ДА СЕ ИЗЈАСНАТ ДЕКА СЕ МАКЕДОНЦИ И ДЕКА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК Е МАКЕДОНСКИ ТАКА ГО ЧУВАТ СВОЈОТ МАКЕДОНСКИ ИДЕНДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА.



SHOQATA MAQEDONASE “ILINDEN”-TIRANË I BËN THIRRJE MAQEDONISËVE NË ZONAT E GOLLOBORDËS, PRESPËS, GORËS DHE NË F. VËRNIK SI DHE NË TË GJITHË TERRITORIN E REPUBLIKËS SË SHQIPËRISË NË REGJISTRIMIN E POPULLSISË NË TETOR 2023 PA FRIKË TË DEKLAROJNË SE JANË MAQEDONAS DHE SE GJUHA AMTARE ËSHTË MAQEDONISHTJA DUKE MBROJTUR KËSHTU IDENTITETIN E TYRE MAQEDONAS NË REPUBLIKËN E SHQIPËRISË.